Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-301/5
24-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 301/1 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 24.06.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 301/1 од 23.05.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 23.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, од страна на лицето [redacted].

Од причина што претставката не содржеше: основ по кој подносителката смета дека била дискриминирана, образложение на фактите и околностите на кои се темели претставката, како и јасно читлива и видлива документација, на ден 30.05.2022 година, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката бр. 08-301/2. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, насока што ќе го наведе основот по кој смета дека била дискриминирана, ќе приложи образложение на фактите и околностите на кои се темели претставката, како и јасно читлива и видлива документација во вид на документи и прилози со кои се потврдуваат или ги прават веројатни тврдењата во претставката.

По извршен телефонски разговор со подносителката на претставката, Комисијата утврди дека подносителката го нема уредно примено по пошта барањето за доуредување на претставката. При телефонскиот разговор, подносителката побара барањето за доуредување на претставката да и биде доставено на нејзината емаил адреса. На ден 15.06.2022 година, преку емаил комуникација беше доставено барањето за доуредување на претставката.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

На ден 22.06.2022 година, преку емаил комуникација, подносителката на претставката ја извести Комисијата дека нема да изврши доуредување на претставката.

Бидејќи подносителката на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисијата посочува на подносителката дека доколку во иднина ги прибави сите потребни документи и прилози релевантни за поднесување на претставка, може повторно да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
24.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Потпретседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]